

# Baumit StarTex

Текстилно-стаклена мрежичка



**Предности**

- **Алкално отпорна**
- **Висока отпорност на кинење**
- **ETA сертифицирана**

**Производ** Мрежа за армирање од текстилно - стаклени влакна за баумит фасадни термоизолациски системи. Испитана по ETAG 004 во системот.

**Состав** Текстилно - стаклено влакно обложено со вестачки материјал,слој SBR (стирен-бутаден-гума).

**Својства** Висока цврстина на истегнување, отпорна на алкали, еластична.

**Аплицирање** За изработка на слоеви за армирање заедно со лепилата на Баумит, за сите Баумит фасадни термоизолациски фасадни системи, како и за армирање минерални површини.

**Облик на испорака** Ролна = 50 м2 ; 1 палета = 1650 м2

**Складирање** На суво место,заштитено од сонце, неограничено

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога** Испитувањето на подлогата да се направи во склад со нормите на ÖNORM B 3346. Подлогата мора да биде чиста, сува, несмрзната, без прашина, не смее да биде водоотпорна, без бледење, носива и без лабави делови.. Ако нанесувањето на арматурниот слој не се изврши во рок од две недели по лепењето на стиропор EPS панели, потребно е повторно да се исшмирглаат панелите пред да се нанесе арматурниот слој

**Подготовка на подлогата** Подлогата мора да биде сува, без мраз, без прашина, минерала, носива, мора да биде доволно груба и апсорбирачка. Подготовката на подлогата мора да биде во согласност со важечките правила на професијата. Испитувањето на подлогата и рамнината на ѕидот изведете го во согласност со нормите од ORNORM B 2259 и DIN 18202



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

| | |
|---|---|
| **Обработка** | **Армирање на површината со термоизолациски плочи од стиропор ЕПС:**<br>Доколку е потребно, изолационите плочи мора да се пребришат и исчистат пред да се нанесе лепилото. поставете ги сите потребни лајсни и профили. После тоа, фасадниот лепак од Баумит се нанесува со нерѓосувачка запчеста глетарка (заб од 10 мм). Во свежото лепило, поставете фиберглас мрежата Baumit StarTex во непрекинати траки без набори и со преклопи со ширина најмалку 10 см. Фиберглас мрежата мора да биде покриена со лепило Baumit ProContact со минимум 1 мм (во областа на преклопување најмалку 0,5 мм; максимум 3 мм). Поставената армирачка мрежа се прекрива со лепило со постапката „свежо на свежо". Дебелината на арматурниот слој треба да биде минимум 3 мм, максимум 5 мм во еден слој. На аглите на прозорците и вратите, пред целосно армирање, треба да се направи дијагонално армирање со фиберглас мрежата од Баумит со димензии околу 20x40 цм. Треба да се избегнува прекумерно измазнување. Добиените испакнатини во лепилото мора да се исправат по сушењето. Покрај горенаведените стандарди, мора да се почитуваат важечките упатства Баумит упатствата за изведба на фасадни системи за топлинска изолација! По нанесувањето на слојот за армирање, забрането е да се нанесе дополнителен слој за израмнување без мрежа. Во случај да е потребно да се исправи правилноста на површината, ставете нов слој на лепак засилен со мрежата Baumit StarTex како горенаведеното.<br>**Армирање на површината со термоизолациски плочи од камена волна:**<br>На плочите од камена волна, залепени и со поставени типли, за да се обезбеди постојаност на дебелината на слојот за армирање, потребно е прво да се нанесе слој за армирање со дебелина од околу 2 мм. По времето на сушење од 1-2 дена, нанесете слој за армирање. Инсталирајте ги сите потребни лајсни и профили. После тоа, се нанесува фасадниот лепак Баумит со нерѓосувачка запчана глетарка(заб од 10 мм). Во свежото лепило, поставете ја фиберглас мрежата Baumit CeramicTex во непрекинати траки без набори и со преклопи со ширина најмалку 10 см. Фиберглас мрежата мора да биде покриена со лепило Baumit ProContact со минимум 1 мм (во областа на преклопување најмалку 0,5 мм; максимум 3 мм).Поставената армирачка мрежа се прекрива со лепило со постапката „свежо на свежо". Забрането е да се постави мрежата директно на изолационата плоча, а потоа да се покрие со лепак. Решетката треба да се наоѓа во средината или горнатата третина од слојот за армирање, во зависност од тоа дали е нанесен минимален или максимален слој на лепило. Дебелината на арматурата треба да биде минимум 3мм, максимум 5мм во еден слој.На аглите на прозорците и вратите, пред целосно армирање, треба да се направи дијагонално армирање со фиберглас мрежата од Баумит со димензии околу 20x40 цм.Треба да се избегне прекумерно измазнување. Настанатите испакнатини во лепилото мора да се израмнат по сушењето. Добиените испакнатини во лепилото мора да се исправат по сушењето. Покрај горенаведените стандарди, мора да се почитуваат важечките упатства Баумит упатствата за изведба на фасадни системи за топлинска изолација! По нанесувањето на слојот за армирање, забрането е да се нанесе дополнителен слој за израмнување без мрежа. Во случај да е потребно да се исправи правилноста на површината, ставете нов слој на лепак засилен со мрежата Baumit StarTex како горенаведеното.<br>**Како маса за армирање и израмнување на фасадни украсни слоеви, минерални основни малтери и бетон:**<br>Подлогата се чисти и одпрашува. Лепилото се нанесува на подлогата со нерѓосувачка глетарка во слој со дебелина од најмалку 3 мм и измазнет. Се препорачува армирање со Баумит арматурна мрежа од текстилно-стаклени влакна Baumit StarTex |
| **Напомени и општи информации** | Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на процесот на обработка и сврзување треба да биде најмалку 5°C и максимална 30°C. Фасадите мора да бидат заштитени од директна сончева светлина, дожд и ветер, со заштитни мрежи за фасади. Високата влажност и ниските температури може да доведат продолжување на времето на сушење. Многу важно е пред нанесување на декоративниот фасаден малтер, лепакот мора да биде потполно сув, време на сушење мин3-5 дена. 1) kкако би се постигнало рамномерно сушење, те како фасадата би немала мокри и темни флеки или бели флеки од бледеење. Се препорачува во зависност од дебелината на лепакот времето на сушење треба да биде мин. 1 ден/1 мм дебелина.<br>Ве замолуваме да ги земете во предвид стандардите за квалитет на изведбата, кои детално ја објаснуваат точната изведба, кои се наведени во „Упатствата за изведба на керамички систем Баумит" што се на сила во врска со овој вид на работа |

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk